ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1873/7
20-11-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) член 40 став 4 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 25-та седница одржана на ден 12.11.2025 година донесе

Одлука

Постапката по предметот со број 08-1873/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1873/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1873/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава од познат подносител, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето ____________ по престанок на функцијата член на Управниот одбор на ________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Службен весник на РСМ, по што констатира дека лицето _____________ е разрешено од вршење на функцијата член на Управниот одбор на _________________ со Решение бр.14-13308/1 од 31.12.2024 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ“ бр.9/25.

Во врска со тоа, Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци

со кои располага и констатира дека __________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управниот одбор на__________________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно горенаведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ____________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1873/4 од 16.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1873/5 од 16.09.2025 година. Државната комисија за спречување на корупцијата направи обид за достава на прекршочниот платен налог, при што сторителот е уредно известен видно од повратницата на која стои потпис и датум на прием 22.09.2025 година. Истиот на ден 23.09.2025 година извршил уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница како доказ за иврѓшена уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: З.Б, член на ДКСК